Врз основа на чле 52 став 1 и 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево донесе:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 04-1426/21
09.10 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

ОДЛУКА

За избор за унапредување на административен службеник

по интерен оглас бр.01/2024

1. За извршител на работните цели и задачи за работното место **УПР 01 01 В01 000 Советник за утврдување и наплата на локални даноци и други надоместоци** се избира:

   - Бранко Кузмановски

2. Именуваниот административен службеник ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа одлука, по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, врз основа на Решение за унапредување на административен службеник донесено од Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник за работно место Советник за утврдување и наплата на локални даноци и други надоместоци, формирана од Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево со Решение бр.04-1426/17 од 04.10.2024, во функција за спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник со Интерен оглас бр. 01/2024 од 19.09.2024 година, изготви Записник од административна селекција за Интерен оглас бр. 04-1426/18 од 08.10.2024 година , со Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, со финална ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-1426/19 од 08.10.2024 год., и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат со број 04-1426/20 од 08.10.2024 година, ги достави до Градоначалникот на општината.

Врз основа на погоре изнесеното, Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево одлучи како во диспозитивот.

По завршување на постапката за избор, односно по конечноста на одлуката , Градоначалникот ќе донесе Решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администација во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општината.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник,
Далибор Ангелов

Доставено до:
-Архива
-Адмистративен службеник

Изготвил:Љијанка Андонова